Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 06. 11. 2015			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
11	6398	1	

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: вонреден

2. Субјекти на надзорот: Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, со подружница во Неготино - аналоген пакет

Надзорот се изврши во соработка со Координативното тело при Влада на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

3. Датум на извршување на надзорот: 05.11.2015 година.

4. Предмет на надзорот:

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

5. Претходно изречена мерка:

5.1. Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-331 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/2 од 02.02.2015 година.

Решението е уредно примено на 04.02.2015 година.

6. Констатации од надзорот:

Со вонредниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ

ДООЕЛ Кавадарци - аналоген пакет е констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на Неготино во својот аналоген пакет го реемитува програмскиот сервис Euronews, кој што не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

8. Предлог мерка:

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права